УДК 821.163.3-5

**Искра Пановска-Димкова**

Почитуван ректоре на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. д-р Никола Јанкуловски,

Почитувана директорке на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, проф. д-р Елена Јованова-Грујовска,

Почитувана деканке на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, проф. д-р Анета Дучевска,

Почитувани наши пензионирани и актуелни професори и раководители на катедри,

Почитувани колеги наши дипломирани и сегашни студенти,

Во името на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, ви посакувам топло добре дојде на Свечениот час на Катедрата – Средба на генерации.

Денес се собравме тука за да одбележиме еден голем јубилеј на нашата Катедра – 75 години од основањето. Точно на 16 декември 1946 г. се одржало првото предавање на македонски јазик на една високообразовна институција – на македонски јазик, но и за македонскиот јазик, со што се поставиле темелите на денешната Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, а истовремено и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, кој, исто така, годинава одбележува јубилеј 75 години од основањето.

Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици ја има честа основач и нејзин прв раководител да биде великанот на македонската наука за јазикот – професорот Блаже Конески, во чија чест и Филолошкиот факултет денес го носи неговото име, а чијашто 100-годишнина од раѓањето годинава ја одбележуваме не само на Факултетот туку и низ институциите во целата држава. Делото на нашиот основач и патрон Блаже Конески, заедно со делата на другите видни професорски имиња излезени од нашата Катедра, како и современите постигнувања на Катедрата, нè обврзуваат и понатаму да ја развиваме нашата наставна и научна дејност за идните

генерации македонисти и ни се поттик за уште посмела афирмација на македонскиот јазик како на внатрешен, така и на меѓународен план.

Македонскиот јазик, како фундаментално национално богатство, е една од најважните студиски програми што се изучуваат на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Во текот на годините, на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици постојано се развиваат нови и современи предметни програми кои држат чекор со развојот на лингвистичката наука во светот. Тргнувајќи од првите основни предавања за македонскиот литературен јазик и за неговата граматика, денес на Катедрата се предаваат високонаучни предмети од сите области: предмети од областа на историјата на македонскиот јазик, од областа на дијалектологијата, предмети од областа на современиот македонски јазик: фонологија, морфологија, лексикологија, зборообразување, синтакса, лингвостилистика, основи на врзан текст, предмети од областа на методиката на јазикот, но и уште поспецијалистички предмети од типот на психолингвистика, социолингвистика, семантика, балканистика, ономастика, прагматика, до форензичка лингвистика итн.

Од основањето, па до денес, во текот на 75-те години постоење, на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици дипломирале над 2000 студенти. Најголемата група ја претставуваат професорите по македонски јазик и книжевност – кои своето место го наоѓаат во основното и во средното образование, но голем дел се и дипломирани на некогашните двопредметни групи: македонски јазик како прв главен предмет со некој странски јазик како втор главен предмет (или попознато како настава „под Б“). Нашите дипломирани студенти денес се признати стручњаци во своите области: наставници, професори, лектори, преведувачи, писатели, новинари.

И, ќе завршам со следново: да се студира мајчиниот, македонски јазик е едно посебно благородно искуство. Сите го зборуваме, но само со неговото длабинско проучување – го запознаваме целото негово богатство на зборови, структури и значења, го согледуваме неговиот специфичен систем што го одразува допирот меѓу словенскиот и несловенскиот свет и сè она што го прави македонскиот јазик најнетипичниот, но и најинтересниот претставник на словенските јазици и непресушна инспирација за научна работа. Сето тоа знаење Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици несебично им го предава на своите студенти, а тие потоа со љубов им го пренесуваат на следните генерации македонисти.

Ви благодарам!